Ужп.бр.247/2010

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Киро Здравев - претседател на советот, Дане Илиев и м-р Милка Ристова - членови на советот, одлучувајќи по жалбата на тужителот ЕВН Електростопанство на Македонија АД Скопје, против пресудата на Управниот суд У.бр.865/09 од 10.12.2009 година, за заштита на конкуренцијата, на седницата одржана на ден 06.09.2010 година, донесе:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
СКОПЈЕ

| Примено: 9.11.2010 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 5514 | | |

Архива ... год.
Рок на чување ... 20 ... година

# П Р Е С У Д А

Жалбата на тужителот, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд Скопје У.бр.865/09 од 10.12.2009 година, СЕ ПОТВРДУВА.

## О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со пресудата У.бр.865/09 од 10.12.2009 година, ја одбил како неоснована тужбата на тужителот изјавена против решението на Комисијата за заштита на конкуреницијата Скопје бр.07/51/1 од 26.01.2009 година.

Против пресудата на Управниот суд, тужителот изјави жалба и пресудата ја оспори поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, а пресудата на Управниот суд да се укине и предметот да се врати на повторно судење.

Врховниот суд на Република Македонија, откако ја разгледа жалбата и списите на предметот, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на одредбата од член 354 став 1 од Законот за парничнта постапка, најде:

Жалбата е неоснована.

Тужениот орган со оспореното решение бр.07/51/1 од 26.01.2009 година утврдил дека ЕВН Електростопанство на Македонија АД Скопје, во период од 25.01.2005 година до 28.02.2008 година, ја злоупотребил доминантната позиција на релевантниот пазар на начин што на тарифните потрошувачи на мало, во месечната сметка за потрошена електрична енергија, им пресметувал и наплатувал манипулативен трошок во фиксен износ од 6 денари, што претставува наметнување на нефер услови на тргување, што е забрането со одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата. Со ова решение е забрането ЕВН Македонија АД Скопје да им пресметува и наплатува посебен надомест на тарифната енергија, а непостапувањето по изречената забрана, претставува прекршок согласно член 47 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Управниот суд констатирал дека жалбата правилно е одбиена како неоснована со оглед на тоа што ЕВН Македонија АД Скопје во определен временски период, како единствен носител на лиценца за вршење енергетска дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало, ја злоупотребил доминантната позиција на пазарот на начин што вршел наплата на манипулативен трошок како посебна ставка во месечните сметки за потрошена електрична енергија во износ од 6 денари, иако во цената за потрошена елекртична енергија се опфатени сите трошоци за вршење на регулаторните дејности, а соодветно на тоа и манипулативните трошоци.

Врховниот суд на Република Македонија најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита.

Според член 15 став 1 точка 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата Комисијата во случаите од членовите 13 и 14 на овој закон со решение: ја утврдува доминантната позиција и однесувањето на претпријатието со кое се злоупотребува таквата позиција, односно се спречува, ограничува или нарушува конкуренцијата, како и времетраењето на таквото однесување и го забранува секое натамошно однесување на претпријатието од ставот 1 точка 1 на овој член.

Овој суд утврди дека правилно Управниот суд нашол дека ЕВН Македонија АД Скопје во доставените сметки и фактури до крајните потрошувачи, двојно ги наплатувал манипулативните трошоци, вкалкулирани во цената за потрошена енергија и претставени како посебна ставка во износ од 6 денари потрошена електрична енергија и претставени како посебна ставка во износ од 6 денари. Сето ова согласно одредбите од Законот за енергетика и Правилникот за начинот и условите за регулирање на цените за електрична енергија, Регулаторната комисија со своја одлука одобрува регулиран максимален приход и цена за дејност дистрибуција, управување со системот за

дистрибуција и снабдување со електрична енергија, како и за просечната цена на електрична енергија по која ЕВН Македонија ги снабдува тарифните потрошувачи на мало, во која се опфатени сите трошоци за вршење на регулираните дејности меѓу кои и манипулативните трошоци

Во случајот тужителот со жалбата ја оспорува законитоста на решението бр.07-51/1 на Комисијата, со кое се утврдува злоупотреба на доминантната положба на пазарот од страна на ЕВН Македонија бидејќи за конкретната работа одлучувал Уставниот суд на Република Македонија и истата е res judikata во однос на управната постапка на Комисијата.

Исто така овој суд ги ценеше и наводите во жалбата дека во член 32 од Упатството за спроведување на унифицирано работење на комерцијалните служби во дистрибутивните подружници на ЈП Електростопанство на Македонија од 1999 година, била предвидена наплатата на манипулативни трошоци во износ од 6 денари, меѓутоа најде дека истите се неосновани и не се од влијание за поинакво одлучување, од причинаи што тужителот при вршење на енергетската дејност во снабдување на електрична енергија на тарифните потрошувачи на мало, не може да наплатува надоместок за покривање на манипулативните трошоци изразен во посебна ставка во месечните сметки и фактури, кој надоместок истовремено е опфатен и засметан во цената за потрошена електрична енергија. Оттука произлегува дека тужениот орган во законски спроведена постапка, правилно ја утврдил фактичката состојба и донел на закон заснована одлука.

Од истите причини и наводите на жалбата против пресудата на Управниот суд се неосновани, со оглед на тоа што се однесуваат за наплата на манипулативен трошок како посебна ставка во месечните сметки за потрошена електрична енергија иако во цената за потрошена електрична енергија се опфатени сите трошоци за вршење на регулаторните дејности, а соодветно на тоа и манипулативни трошоци.

Поради изложеното, согласно со член 357 од Законот за парничната постапка, следуваше да се одлучи како во изреката на пресудата.

Пресудено во Врховниот суд на Република Македонија на ден 06.09.2010 година под УЖП.бр.247/2010.

Претседател на советот-судија
Киро Здравев с.р.

За точноста на отправокот - т в р д и секретар

СН/